ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА
НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2011 ГОДИНА



# УПАТСТВО

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2011 ГОДИНА

*Октомври, 2011 година*

*Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој*

**ВОВЕД** ..... 5

**МЕРКА 1.1 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА** ..... 6

ОПИС НА МЕРКАТА ..... 6
ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ И ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ПО ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ ..... 6
ПОД-СЕКТОРИ ..... 6
*ПОД-СЕКТОР ЛОЗАРСТВО ..... 6*
*ПОД – СЕКТОР ОВОШТАРСТВО (ВКЛУЧИТЕЛНО И ТРПЕЗНО ГРОЗЈЕ) ..... 7*
*ПОД – СЕКТОР ГРАДИНАРСТВО (ПЛАСТЕНИЦИ, СТАКЛЕНИЦИ И ГРАДИНАРСТВО НА ОТВОРЕНО, СО ИСКЛУЧОК НА ТУНЕЛСКИ ФОЛИИ) ..... 6*
*ПОД – СЕКТОР ЖИТНИ КУЛТУРИ ..... 8*
*ПОД – СЕКТОР ИНДУСТРИСКИ КУЛТУРИ (МАСЛОДАЈНИ, ФУРАЖНИ КУЛТУРИ, ТУТУН) ВКЛУЧИТЕЛНО И ПРОИЗВОДСТВО НА КОМПИР ..... 9*
*ПОД – СЕКТОР ЖИВИНАРСТВО (ОДГЛЕДУВАЊЕ НА НЕСИЛКИ) ..... 9*
*ПОД – СЕКТОР ПЧЕЛАРСТВО ..... 10*
КОРИСНИЦИ ..... 10
КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ. ..... 11
НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ ..... 12
*ОПШТИ ПРИНЦИПИ ..... 12*
*ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ ..... 12*
ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ ..... 13
ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 1.1 ..... 15

**МЕРКА 1.2 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА ПРЕРАБОТКА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ** ..... 18

ОПИС НА МЕРКАТА ..... 18
ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ ..... 18
ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ И ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ПО ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ ..... 18
*ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА И ДОРАБОТКА НА ЖИТНИ КУЛТУРИ, МАСЛОДАЈНИ СЕМИЊА И РАСТЕНИЈА ..... 19*
*ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ ЗА ЈАЈЦА ..... 19*
КОРИСНИЦИ ..... 19
КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ..... 20
НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ ..... 20
*ОПШТИ ПРИНЦИПИ ..... 20*
*ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ ..... 20*
ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ ..... 21
ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 1.2 ..... 22

**МЕРКА 1.3 - ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО И ВОДОСТОПАНСТВОТО** ..... 24

ОПИС НА МЕРКАТА ..... 24
ПРИФАТЛИВИ ПРОЕКТИ ..... 24
*ИНВЕСТИЦИИ ВО ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ..... 24*
КОРИСНИЦИ ..... 24
КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ..... 24
НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ ..... 24
*ОПШТИ ПРИНЦИПИ ..... 24*
*ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ ..... 25*
ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 1.3 ..... 25

**МЕРКА 1.4 – ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ** ..... 26

ОПИС НА МЕРКАТА ..... 26
ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ ..... 26

*ИНВЕСТИЦИИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА* .................. *26*
КОРИСНИЦИ ........ 27
КРИТЕРИУМИ ........ 27
НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ ........ 27
*ОПШТИ ПРИНЦИПИ* ........ *27*
*ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ* ........ *27*
ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 1.4 ........ 28

***3.1 - ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ* ........ 29**

ОПИС НА МЕРКАТА ........ 29
ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ ........ 29
КОРИСНИЦИ ........ 30
КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ........ 30
НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ ........ 30
*ОПШТИ ПРИНЦИПИ* ........ *30*
*ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ* ........ *31*
ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ ........ 31
ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 3.1 ........ 32

***ПОСТАПКА ПРЕД АФПЗРР* ........ 33**

***ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ* ........ 36**

***ПРИЛОЗИ* ........ 38**

ПРИЛОГ 1 – МОДЕЛ НА ДОГОВОР ........ 38
ПРИЛОГ 2 – ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ СО БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА ........ 44

# ВОВЕД

Ова Упатство има за цел запознавање на корисниците со целта, начинот на спроведување и намената на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година за Мерките:

Мерка 1.1 - Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства,

Мерка 1.2 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи,

Мерка 1.3 - Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството,

Мерка 1.4 – Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност, и

Мерка 3.1 – Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини.

Упатството вклучува и објаснување по однос на процесот на доставување на документи, обработка на барањата, потпишување на договори, контрола на лице место и реализација на инвестициите.

# МЕРКА 1.1 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

## *ОПИС НА МЕРКАТА*

**ПОДДРШКАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА СЕ РЕАЛИЗИРА ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО:**

Целта на мерката 1.1 – „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства“ е подобрување на целокупните резултати од работењето на земјоделското стопанство и достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со законите од областа на земјоделството или новововедени стандарди од областа на земјоделството.

Инвестициите согласно оваа мерка се наменети за зголемување на ефикасноста на производството преку намалени трошоци за земјоделско производство и подобрување на квалитетот на земјоделско производство, и/или за достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со закон или за достигнување на новововедени стандарди согласно со закон и тоа само за оние инвестиции кои се сметаат за дополнителни инвестиции за достигнување на минимални стандарди и не доведуваат до зголемување на производниот капацитет

## *ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ И ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ПО ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ*

Прифатливи се следниве инвестициони активности: Набавка на механизација (опрема и приклучна механизација) за припрема и обработка на почва, садење и транспорт. Набавка на опрема за обезбедување на електрична енергија на земјоделско стопанство, како и набавка на елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата. Набавка на опрема за одгледување на несилки, како и опрема за пчеларство. Услуги од трети лица за конструкција и инсталирање на опрема, вклучително и софтвер.

## *ПОД-СЕКТОРИ*

Согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година прифатливи се инвестиции во следниве под сектори:

- Лозарство
- Овоштарство
- Градинарство (пластеници, стакленици и градинарство на отворено и со исклучок на тунелски фолии)
- Житни култури
- Индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун вклучително и производство на компир)
- Живинарство
- Пчеларство

## *ПОД-СЕКТОР ЛОЗАРСТВО*

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:**

- набавка на трактори до 95КС;
- набавка на култиватори или мото-култиватори;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, садење, или за берење и транспорт;
- набавка на генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјодеслкиот имот на корисникот;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

## *ПОД – СЕКТОР ОВОШТАРСТВО (ВКЛУЧИТЕЛНО И ТРПЕЗНО ГРОЗЈЕ)*

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:**

- набавка на трактори до 95КС;
- набавка на култиватори или мото-култиватори;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, садење, или за берење и транспорт;
- набавка на генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјодеслкиот имот на корисникот;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

## *ПОД – СЕКТОР ГРАДИНАРСТВО (ПЛАСТЕНИЦИ, СТАКЛЕНИЦИ И ГРАДИНАРСТВО НА ОТВОРЕНО, СО ИСКЛУЧОК НА ТУНЕЛСКИ ФОЛИИ)*

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:**

- набавка на трактори до 95КС;
- набавка на култиватори или мото-култиватори;

- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, садење, или за берење и транспорт;
- набавка на генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјодеслкиот имот на корисникот;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА РАСАДНИЦИ ЗА ЛОЗАРСТВО, ОВОШТАРСТВО И ГРАДИНАРСТВО:**

- набавка на трактори до 95КС;
- набавка на култиватори или мото-култиватори;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, садење и транспорт на посадочен материјал;
- набавка на елементи за конструкција на високи пластеници или стакленици со опрема за микроклиматски услови;
- набавка на генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјоделски имот на корисникот;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

## *ПОД – СЕКТОР ЖИТНИ КУЛТУРИ*

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:**

- набавка на трактори до 95КС;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема и обработка на почва, садење и транспорт;
- набавка на комбајн за површини над 5 ха под пченица, јачмен и/или овес или над 1ха површини под ориз или над 2ха површина под пченка;
- набавка на опрема и приклучна механизација за берба и собирање на плодовите;

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на силоси, простор за припрема на плодовите за складирање, складови и опрема за припрема на плодовите за чување, манипулација и складирање;
- набавка на генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјодеслки имот на корисникот;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

## *ПОД – СЕКТОР ИНДУСТРИСКИ КУЛТУРИ (МАСЛОДАЈНИ, ФУРАЖНИ КУЛТУРИ, ТУТУН) ВКЛУЧИТЕЛНО И ПРОИЗВОДСТВО НА КОМПИР*

### ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:

- набавка на трактори до 95КС;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема и обработка на почва, садење и транспорт;
- набавка на комбајн за површини над 2ха под сончоглед;
- набавка на опрема и приклучна механизација за берба и собирање на плодовите;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на силоси, простор за припрема на плодовите за складирање, складови и опрема за припрема на плодовите за чување,манипулација и складирање;
- набавка на генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјоделскиот имот на корисникот;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

## *ПОД – СЕКТОР ЖИВИНАРСТВО (ОДГЛЕДУВАЊЕ НА НЕСИЛКИ)*

### ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:

- набавка на опрема за подготовка и складирање на храна;

- набавка на опрема за хранење вклучително и компатибилна опрема за функционирање на системот за хранење;
- набавка на опрема за системи за поење;
- набавка на опрема за одгледување и чување на несилките вклучително и обезбедување на микроклиматски услови;
- набавка на опрема за внатрешно транспортирање на јајцата, сортирање и пакување;
- набавка на опрема за обезбедување на систем за проверка, контрола и следење на квалитетот на јајцата;
- набавка на инкубатори за живина;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и опрема за изѓубрување за достигнување на барањата од прописите за заштита на животната средина;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

### *ПОД – СЕКТОР ПЧЕЛАРСТВО*

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:**

- набавка на рамки и сандаци за пчелни семејства;
- набавка на опрема за одгледување на пчели;
- услуги од трети лица за изработка и за инсталирање на опрема;

## *КОРИСНИЦИ*

**Општа дефиниција на корисник**

За проектите од мерка 1.1 потенцијален корисник е земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со Закон за земјоделството и рурален развој по следниве основи:

**Физички лица:**

- Индивидуален земјоделец – носител на земјоделско стопанство вршител на земјоделска дејност согласно Закон за вршење на земјоделска дејност;
- Индивидуален земјоделец – носител на семејно земјоделско стопанство кој се стекнал со статус на осигуреник согласно Закон за пензиско и инвалидско осигурување;
- Индивидуален земјоделец – носител на земјоделско стопанство кој се занимава со земјоделство како дополнителна дејност;
- Трговец поединец – регистриран согласно Закон за трговски друштва.

**Правни лица:**

- Трговски друштва регистрирани согласно Закон за трговски друштва;
- Земјоделски задруги – регистрирани согласно Закон за задруги.

## *КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ.*

| **ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ НА БАРАТЕЛОТ** | | |
|---|---|---|
| **Вид на производство** (заокружи) | **Дозволени капацитети по Програмата** | **Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник** |
| 1) Лозарство | Минимум 0,5 ха;<br>Минимум 0,5 до Максимум 2 ха за расадници | до 2.500.000,00 денари, за воспоставување на расадници до 3.500.000,00 денари |
| 2) Овоштарство | Минимум 0,5 ха;<br>Минимум 0,5 до Максимум 2 ха за расадници | до 2.500.000,00 денари, за воспоставување на расадници до 3.500.000,00 денари |
| 3) Градинарство (пластеници, стаклeници и градинарство на отворено, со исклучок на тунелски фолии) | Минимум 0,3 ха;<br>Минимум 0,8 ха за градинарство на отворено;<br>Минимум 0,5 до Максимум 2 ха за расадници | до 2.500.000,00 денари, за воспоставување на расадници до 3.500.000,00 денари |
| 4) Житни култури | Минимум 1,5 ха | до 4.500.000,00 денари |
| 5) Индустриски култури (маслодајни, фуражни, тутун) вклучително и производство на компир | Минимум 1,5 ха;<br>Минимум 0,5 ха за тутун и компир | до 4.500.000,00 денари |
| 6) Живинарство | Минимум 1.000 до максимум 25.0000 несилки во сопственост на корисникот до крајот на инвестицијата | до 6.000.000,00 денари |
| 7) Пчеларство | Минимум 30 пчелни семејства во сопственост на корисникот до крајот на инвестицијата | до 800.000,00 денари |

## *НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ*

### *ОПШТИ ПРИНЦИПИ*

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година се врши врз основа на одобрено барање за користење средства од Програмата и склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка. Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на реализирани и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

Ставката на ко-финансирање се зголемува во одредени случаи и изнесува:

- 55% од вред носта на одобрената инвестиција за инвестиции на земјоделско стопанство чиј носител е млад земјоделец;
- 60% од вред носта на одобрената инвестиција за инвестиции на земјоделско стопанство во планински подрачја;
- 65% од вред носта на одобрената инвестиција за инвестиции на земјоделско стопанство во планински подрачја и чиј носител е млад земјоделец

### *ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ*

- **Принцип на единечно финансирање** – Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.
- **Користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година** – Овој принцип значи дека еден корисник не може да поднесе барање за користење средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година, за иста инвестиција, за ко ја се исплатени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година.
- **Принцип на грант** – Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Македонија.
- **Принцип на видливост** – Корисникот е должен во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата од оваа програма, да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата. АФПЗРР ги доделува налепниците и натписите на корисникот заедно со решението за исплата. Доколку настане оштетување на истите, корисникот е должен да ја извести АФПЗРР при што контролорите ќе извршат увид ќе доделат нова ознака.

## *ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ*

Избор на корисници се врши со проверка на исполнување на условите за користење на средства за инвестиции предвидени со мерката 1.1. Барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка се рангираат со бодување согласно подолу прикажаната табела. АФПЗРР ќе склучи договори во рамките на расположливите средства за секој под-сектор.

| **Цели на мерката (критериуми)** | **Показатели** | **Бодови** |
|---|---|---|
| Поддршка на земјоделски стопанства на кои земјоделството им е приоритетна дејност | Барателот е:<br>земјоделско стопанство чиј носител е физичко лице регистрирано согласно закон, **или**<br>правно лице формирано од физички лица со приоритетна земјоделска дејност со седиште во село | 35 |
| Поддршка на носителина семејно земјоделско стоапнство со социјален статус на самохран родител | Носителот на семејното земјоделско стоапнство има социјален статус на самохран родител и е регистриран за вршење на земјоделска дејност согласно закон. | 20 |
| Поддршка на млади земјоделци/жени земјоделци | доколку носителот на земјоделското стопанство односно едно од одговорните лица на правното лице е на возраст од 18 до 40 години на денот на поднесување на барањето, **или**<br>доколку носителот на земјоделското стопанство односно едно од одговорните лица на правното лице е жена | 10 |
| Вредност на прифатливи трошоци | да не надминува 1.200.000 денари | 15 |
| Поддршка на баратели на кои им е доделено државно земјоделско земјиште на плодоуживање | доколку на земјоделското стопанство му е доделено државно земјоделско земјиште на плодоуживање | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| Поддршка на органското земјоделско производство и воведување на стандарди за квалитет во примарното земјоделско производство | доколку земјоделското стопанство е во постапка на сертификација за органско производство **или** друг стандард за квалитет на примарни земјоделски производи **или**<br>поседува сертификат за органско производство **или** друг стандард за квалитет на примарни земјоделски производи за производните капацитети за кои бара поддршка | 10 |
| **Вкупно бодови** | | **100** |

**Напомена:**

- **Со цел исполнување на критериумот поддршка на барател со социјален статус на самохран родител, барателот треба да достави доказ со кој докажува дека е самохран родител.**
- **Со цел исполнување на критериумот поддршка на баратели на кои им е доделено државно земјоделско земјиште на плодоуживање, барателот треба да достави доказ со кој докажува дека му е доделено државно земјоделско земјиште на плодоуживање.**
- **Со цел исполнување на критериумот поддршка на органското земјоделско производство и воведување на стандарди за квалитет во примарното земјоделско производство, барателот треба да достави доказ со кој докажува дека има сертификат за органското земјоделско производство.**

## *ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 1.1*

| | |
|---|---|
| 1. | Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година ПРР - 1.1; |
| 2. | За производ со вредност помала од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност да се достави:<br>- понуда која треба да содржи техничка спецификација, или<br>За производ со вредност поголем од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност да се достават:<br>- 3 понуди од различни производители/добавувачи кои треба да содржат техничка спецификација,<br>**Напомена: Доколку барателот не ја одбере најниската понуда/про-фактура, тој е должен во прилог на Барањето да достави образложение за одбраната понуда по однос на цена и технички спецификации во однос на понудата/про-фактурата** |
| 3. | Фотокопија од важечка лична карта/пасош на барателот/одговорното лице; |
| 4. | Деловен план – изготвен согласно Упатсвото за изготвување на деловен план; |
| 5. | Потврда за упис на земјоделското стопанство во Единствениот регистер на земјоделски стопанства - издадена од подрачна единица на МЗШВ, не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик; |
| 6. | Документ за потврдување на статусот на барателот:<br>Тековна состојба - издадена од Централниот Регистар на Република Македонија – не постара од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот Повик, или<br>Решение за стекнување на статус осигуреник како Индивидуален земјоделец издадени од Фонд за ПИОМ – копија, или<br>Решение или потврда од Фонд за ПИОМ за остварување на правото на пензија или извештај за уплатени пензиски примања за последниот месец пред поднесување на барање за користење на средства издадено од банката каде е отворена трансакционата сметка - копија, или<br>Потврда за редовен работен однос на барателот - издадена од АФПЗРР за вработување на РМ, не постара од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот Повик или<br>Потврда за поднесената пријава / одјава на осигурување и работен однос (М1/М2 образец) – копија и Потврда за заснован работен однос издадена од работодавачот - не постара од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик. |

| | |
|---|---|
| 7. | Одобрение за конструкција/реконструкција со проектна документација врз основа на која е издадено одобрението за конструкција/реконструкција од единицата на локалната самоуправа (за силоси, складови, стакленици).<br>**Напомена: Одобрение се доставува само при конструкција/реконструкција на објекти** |
| 8. | Потврда дека не се води постапка на стечај – оригинал и не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик – издадена од Централниот регистар на Република Македонија;<br>**Напомена: Потврда дека не се води постапка на стечај се доставува доколку барателот е правно лице** |
| 9. | Потврда дека не се води постапка на ликвидација – оригинал и не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик – издадена од Централниот регистар на Република Македонија;<br>**Напомена: Потврда дека не се води постапка на ликвидација се доставува доколку барателот е правно лице** |
| 10. | Доказ (Уверение, Потврда или друг документ) за платени даноци и придонеси по основ на пензиско и инвалидско осигурување, и здравствено осигурување заклучно со јули 2011 година – издадено од Управата за јавни приходи;<br>**Напомена: Како докази за платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, и здравствено осигурување ќе се прифаќаат и потврдите издадени од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување**. |
| 11. | Доказ за поседување или располагање со недвижен имот:<br>Имотен лист – издаден од АФПЗРР за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, или<br>Договор за закуп на земјиште/објект во траење од најмалку 5 години сметано од денот на објавување на јавниот повик, и прилог имотен лист за земјиште/објектот на име на закуподавачот издаден од АФПЗРР за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, или<br>Договор за концесија на земјиште/објект во сопственост на Република Македонија со важност од најмалку 5 години сметано од денот на објавување на јавниот повик со Записник за воведување во владение и прилог имотен лист;<br>**Напомена: Доказ за поседување или располагање со недвижен имот се доставува само во случај кога инвестицијата опфаќа конструкција/реконструкција на објект/и** |

| | |
|---|---|
| 12. | Договор за плодоуживање;<br><br>**Напомена: Договор за плодоуживање се доставува само во случај кога барателот има доделено државно земјоделско земјиште на плодоуживање** |
| 13. | - Договор/Понуда за услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер, за изработка на опрема;<br><br>(Напомена: услуги од трети лица за изработка на опрема се поддржува само за инвестиции во пчеларство);<br><br>- Договор/Понуда за услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација;<br><br>**Напомена: Договор за услуги од трети лица се доставува доколку услугата е од физичко лице, или Понуда се доставува доколку услугата е од правно лице. Договор за услуги се доставува доколку барателот користи услуги од трети лица и за истите бара финансиска поддршка;** |
| 14. | Потврда дека барателот нема неподмирени обврски кон Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за последната финансиска година – издадена од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; |
| 15. | Потврда дека барателот има статус на самохран родител – издадена од Центар за социјални работи;<br><br>**Напомена: Потврда за статус на самохран родител се доставува доколку барателот е самохран родител** |
| 16. | Сертификат за органско производство или друг стандард за квалитет на земјоделски производи за производните капацитети за кои се бара поддршка;<br><br>**Напомена: Сертификат за органско производство или друг стандард за квалитет на земјоделски производи се доставува доколку барателот е во постапка на сертификација, поседува сертификат или друг стандард за квалитет на земјоделски производи** |

# *МЕРКА 1.2 - ИНВЕСТИЦИИ ЗА ПРЕРАБОТКА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ*

## *ОПИС НА МЕРКАТА*

### ПОДДРШКАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ЗА ПРЕРАБОТКА И МАРКЕТИНГ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ Е ПОДДРШКА НАМЕНЕТА ЗА:

Подобрување на целокупните резултати од работењето на преработувачките капацитети, развој на нови производи и дизајн, развој на производни процеси и технологии за преработка како и нематеријални вложувања за подготвителни активности пред да се употребат новоразвиените производи, процеси или технологии за пазарни цели.

Исто така инвестициите се наменети за достигнување на повисоки стандарди од минималните стандарди утврдени со закон или за достигнување на новововедени стандарди согласно со закон.

## *ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ*

Согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година прифатливи се инвестиции за следниве проекти:

- Инвестиции за преработувачки капацитети за примарна обработка и доработка на житни култури, маслодајни семиња и растенија;
- Инвестиции за преработувачки капацитети за јајца;

## *ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ И ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ПО ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ*

### ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ:

Набавка на опрема за преработка и доработка на житни култури, маслодајни семиња и растенија, јајца, набавка на опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите на житни култури, маслодајни семиња, растенија и јајца. Набавка на елементи за конструкција/реконструкција на објекти за прием, обработка и доработка и складирање. Услуги од трети лица за конструкција на конструктивните елементи и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

## *ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА И ДОРАБОТКА НА ЖИТНИ КУЛТУРИ, МАСЛОДАЈНИ СЕМИЊА И РАСТЕНИЈА*

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:**

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција/реконструкција на објекти за прием, обработка и доработка и складирање;
- набавка на опрема за мелење на жита;
- набавка на опрема за прием на суровина и складирање;
- набавка на опрема за подготовка за преработка, примарна обработка и доработка;
- набавка на опрема за означување и пакување;
- набавка на опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

## *ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРЕРАБОТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ ЗА ЈАЈЦА*

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:**

- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција/реконструкција на објекти за преработка на јајца, прием и чување на суровина, подготовка за преработка и преработка на јајцата и складирање на готовиот производ;
- набавка на опрема за прием и чување на суровина;
- набавка на опрема за подготовка за преработка и преработка на јајцата;
- набавка на опрема за означување и пакување;
- набавка на опрема за складирање на готовиот производ;
- набавка на опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер.

## *КОРИСНИЦИ*

**Општа дефиниција на корисник**

За проектите од мерка 1.2 потенцијални корисници се трговски друштва и задруги кои исполнуваат услови за вршење на дејноста согласно со Закон за трговски друштва, како и правни лица кои започнуваат со вршење на оваа дејност (преработувачки капацитети за житни култури, маслодајни семиња и растенија и јајца). Во случај кога корисник на помошта е големо претпријатие висината на поддршката не може да надмине 25% од вредноста на прифатливите и направени трошоци.

## *КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ*

| **Инвестиции** | **Земјоделски производен капацитет кој треба да го поседува барателот** | **Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник** |
|---|---|---|
| преработувачки капацитети за примарна обработка и доработка на житни култури, маслодајни семиња и растенија | / | до 6.000.000,00 денари |
| преработувачки капацитети за јајца | / | до 10.000.000,00 денари |

## *НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ*

### *ОПШТИ ПРИНЦИПИ*

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година се врши врз основ а на одобрено барање за користење средства од Програмата и склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка. Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на реализирани и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци. Во случај кога корисник на помошта е големо претпријатие, висината на поддршката не може да надмине 25% од вредноста на прифатливите и направени трошоци.

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

### *ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ*

- **Принцип на единечно финансирање** – Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.
- **Користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година** – Овој принцип значи дека еден корисник не може да поднесе барање за користење средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година, за иста инвестиција, за ко ја се исплатени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2010 година.
- **Принцип на грант** – Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Македонија.

- **Принцип на видливост** – Корисникот е должен во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата од оваа програма, да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата. АФПЗРР ги доделува налепниците и натписите на корисникот заедно со решението за исплата. Доколку настане оштетување на истите, корисникот е должен да ја извести АФПЗРР при што контролорите ќе извршат увид ќе доделат нова ознака.

## *ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ*

Избор на корисници се врши со проверка на исполнување на условите за користење на средства за инвестиции предвидени со мерката 1.2. Барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка се рангираат со бодување согласно подоле прикажаната табела. АФПЗРР ќе склучи договори во рамките на расположливите средства за секоја подмерка.

| **Цели на мерката (критериуми)** | **Показатели** | **Бодови** |
|---|---|---|
| Поддршка на трговци поединци, правни лица основани од физички лица во ранг на микро претпријатие | доколку подносителот е трговец поединец или правно лице основано од физички лица со приоритетна дејност од областа на откуп, чување и преработка на земјоделски производи со седиште во село и во рангот на микро претпријатие | 30 |
| Поддршка на производство на ориз и преработка на јајца | доколку инвестицијата се однесува на примарна преработка и складирање на ориз | 25 |
| | доколку инвестицијата се однесува на преработка на јајца | 20 |
| Поддршка на инвестиции во село или во рурална средина | доколку инвестицијата е во село или | 25 |
| | доколку инвестицијата е во рурална средина освен село | 15 |
| Поддршка на млади земјоделци | доколку едно од одговорните лица на правното лице е на возраст од 18 до 40 години на денот на поднесување на барањето | 10 |
| Вредност на предложената инвестиција | доколку вредноста на инвестицијата не надминува висина од 3.500.000 денари | 10 |
| Вкупно бодови | | 100 |

## *ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 1.2*

| | |
|---|---|
| 1. | Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година ПРР - 1.2 ; |
| 2. | За производ со вредност помала од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност да се достави:<br>- понуда која треба да содржи техничка спецификација, или<br>За производ со вредност поголем од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност да се достават:<br>- 3 понуди од различни производители/добавувачи кои треба да содржат техничка спецификација,<br>**Напомена: Доколку барателот не ја одбере најниската понуда/про-фактура, тој е должен во прилог на Барањето да достави образложение за одбраната понуда по однос на цена и технички спецификации во однос на понудата/про-фактурата.** |
| 3. | Фотокопија од важечка лична карта/пасош на одговорното лице; |
| 4. | Деловен план – изготвен согласно Упатството за изготвување на Деловен план; |
| 5. | Одобрение за конструкција/реконструкција со проектна документација врз основа на која е издадено одобрението за конструкција/реконструкција од единицата на локалната самоуправа;<br>**Напомена: Одобрение се доставува само при конструкција / реконструкција на објекти;** |
| 6. | Тековна состојба – оригинал и не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик – издадена од Централниот регистар на Република Македонија; |
| 7. | Потврда дека не се води постапка на стечај – оригинал и не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик – издадена од Централниот регистар на Република Македонија; |
| 8. | Потврда дека не се води постапка на ликвидација – оригинал и не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик – издадена од Централниот регистар на Република Македонија; |
| 9. | Доказ (Уверение, Потврда или друг документ) за платени даноци и придонеси по основ на пензиско и инвалидско осигурување, и здравствено осигурување заклучно со јули 2011 година – издадено од Управата за јавни приходи;<br>**Напомена: Како докази за платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, и здравствено осигурување ќе се прифаќаат и потврдите издадени од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување**. |

| | |
|---|---|
| 10. | Доказ за поседување или располагање со недвижен имот:<br>• Имотен лист – издаден од АФПЗРР за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, или<br>• Договор за закуп на земјиште/објект во траење од најмалку 5 години сметано од денот на објавување на јавниот повик, заверен на нотар и прилог имотен лист за објектот на име на закуподавачот издаден од АФПЗРР за катастар на недвижности на Република Македонија, не постар од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, или<br>• Договор за  концесија на земјиште/објект во сопственост на Република Македонија со важност од најмалку 5 години сметано од денот на објавување на јавниот повик  со Записник за воведување во владение и прилог имотен лист.<br>**Напомена: Доказ за поседување или располагање со недвижен имот се доставува во случај кога инвестицијата опфаќа конструкција/реконструкција на објект/и** |
| 11. | Одобрение/Решение за вршење на дејност - копија - издадено од Дирекција за храна или Управа за ветеринарство или доколку е издадено после 01.01.2011 од АФПЗРР за храна и ветеринарство;<br>**Напомена: Одобрение/Решение се доставува за веќе постоечки капацитети** |
| 12. | Потврда дека барателот е регистриран во регистарот на евидентирани објекти за производство на добиточна храна – копија – издаден од АФПЗРР за храна и ветеринарство;<br>**Напомена: Потврда се доставува за веќе постоечки капацитети** |
| 13. | Договор/Понуда за услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за конструкција на елементите и инсталирање на опремата вклучително и софтвер;<br>**Напомена: Договор за услуги од трети лица се доставува доколку услугата е од физичко лице, или Понуда се доставува доколку услугата е од правно лице. Договор за услуги се доставува доколку барателот користи услуги од трети лица и за истите бара финансиска поддршка;** |
| 14. | Потврда дека барателот нема неподмирени обврски кон Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за последната финансиска година – издадена од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; |

# *МЕРКА 1.3 - ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО И ВОДОСТОПАНСТВОТО*

## *ОПИС НА МЕРКАТА*

Поддршката за инвестиции во инфраструктура за создавање на предуслови за рзвој на земјоделство е наменета за инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште.

## *ПРИФАТЛИВИ ПРОЕКТИ*

Согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година прифатливи се инвестиции за патна инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште.

### *ИНВЕСТИЦИИ ВО ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ*

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ**

- Градежни материјали и елементи за конструкција;
- Услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи;
- Општи трошоци за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација.

## *КОРИСНИЦИ*

Потенцијални корисници за Мерка 1.3 - Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството се единиците на локална самоуправа.

## *КРИТЕРИУМИ*

Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник изнесува до 1.000.000,00 денари.

## *НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ*

## *ОПШТИ ПРИНЦИПИ*

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година се врши врз основа на одобрено барање за користење средства од Програмата и склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка. Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 100% за мерка 1.3 од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестицијата.

**Напомена**: **Единиците на локалната самоуправа после потпишување на договор за финансиска поддршка со АФПЗРР, обврзани се да спроведат тендерска постапка за планираната инвестиција во согласност со Законот за јавни набавки.**

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

## ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ

- **Принцип на единечно финансирање** – Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.
- **Принцип на грант** – Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Македонија.
- **Принцип на видливост** – Корисникот е должен во рок од 5 години да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата. АФПЗРР ги доделува налепниците и натписите на корисникот заедно со решението за исплата. Доколку настане оштетување на истите, корисникот е должен да ја извести АФПЗРР при што контролорите ќе извршат увид и ќе доделат нова ознака.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 1.3

| | |
|---|---|
| 1. | Барање за користење на средста од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година - ПРР - 1.3; |
| 2. | Копија од важечка лична карта/пасош на овластеното лице; |
| 3. | Тековна состојба - издадена од Централниот Регистар на Република Македонија – не постара од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, |
| 4. | -Договор за услуги за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација, и извод од банкарска сметка со која се докажува плаќањето на услугата – од овластен архитект или инженер. Проектот не смее да биде постар од 01.01.2009 година за трошокот да се смета за прифатлив;<br>-Договор за услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи;<br>**(Напомена: Договор за услуги се доставува доколку барателот користи услуги од трети лица и за истите бара финансиска поддршка);** |
| 5. | Детален предмер/пресметка **со изразени цени** за бараната инвестиција со рекапитулар за да се утврди проценетата вредност на инвестиција; |
| 6. | Геодетски елаборат за планираната инвестиција (со скица и катастарски парцели низ кои поминува патот); |
| 7. | Согласност од собранието на единицата на локалната самоуправа за намената на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација; |
| 8. | Одлука за приоритет на проектот од градоначалникот; |
| 9. | Одлука за приоритет на проектот од Советот на Општината; |

# *МЕРКА 1.4 – ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ*

## *ОПИС НА МЕРКАТА*

**ПОДДРШКАТА ЗА ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ Е ПОДДРШКА НАМЕНЕТА ЗА:**

Целта на мерката е земјоделските стопанства доброволно да се здружуваат заради остварување на економски интереси на земјоделските стопанства кои се во насока на остварување на следните цели: Зголемување на ефикасноста на земјоделското производство преку оптимизација на производните трошоци и заедничка набавка или производство на материјали за производство, подобрување на пазарната положба на земјоделските стопанства со воведување на заеднички операции за складирање и маркетинг на земјоделски производи или доработка, финализација и дистрибуција на земјоделски производи и воведување и заедничка примена на повисоки стандарди за квалитетот на земјоделските производи.

## *ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ*

Согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година прифатливи се инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделските задруги.

## *ИНВЕСТИЦИИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА*

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:**

- набавка на трактори до 95КС;
- набавка на култиватори или мото-култиватори;
- набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, садење, или за берење/собирање/жнеење и транспорт;
- набавка на генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјоделскиот имот на корисникот;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција на расадници со опрема за микроклиматски услови;
- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи,
- услуги од трети лица за инсталирање на опремата вклучително и софтвер;
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација.

## *КОРИСНИЦИ*

Потенцијални корисници за Мерка 1.4 – Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност се земјоделски задруги.

## *КРИТЕРИУМИ*

Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник изнесува до 4.500.000,00 денари.

## *НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ*

### *ОПШТИ ПРИНЦИПИ*

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година се врши врз основа на одобрено барање за користење средства од Програмата и склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка. Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Средствата за инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга се доделуваат по принципот на ко-финансирање на прифатливи трошоци во висина од 50% од вредноста на прифатливи трошоци.

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

### *ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ*

- **Принцип на единечно финансирање** – Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.
- **Принцип на грант** – Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Македонија.
- **Принцип на видливост** – Корисникот е должен во рок од 5 години да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата. АФПЗРР ги доделува налепниците и натписите на корисникот заедно со решението за исплата. Доколку настане оштетување на истите, корисникот е должен да ја извести АФПЗРР при што контролорите ќе извршат увид ќе доделат нова ознака.

## *ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 1.4*

| | |
|---|---|
| 1. | Барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година ПРР - 1.4; |
| 2. | За производ со вредност помала од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност да се достави:<br>- понуда која треба да содржи техничка спецификација, или<br>За производ со вредност поголем од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност да се достават:<br>- 3 понуди од различни производители/добавувачи кои треба да содржат техничка спецификација;<br>**Напомена: Доколку барателот не ја одбере најниската понуда/про-фактура, тој е должен во прилог на Барањето да достави образложение за одбраната понуда по однос на цена и технички спецификации во однос на понудата/про-фактурата;** |
| 3. | Фотокопија од важечка лична карта/пасош на одговорното лице; |
| 4. | Деловен план – изготвен согласно Упатсвото за изготвување на деловен план; |
| 5. | Потврда за упис на земјоделското стопанство во Единствениот регистер на земјоделски стопанства - издадена од подрачна единица на МЗШВ, не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик; |
| 6. | Тековна состојба - издадена од Централниот Регистар на Република Македонија – не постара од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик; |
| 7. | Потврда дека не се води постапка на стечај – оригинал и не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик – издадена од Централниот регистар на Република Македонија; |
| 8. | Потврда дека не се води постапка на ликвидација – оригинал и не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик – издадена од Централниот регистар на Република Македонија; |
| 9. | Доказ (Уверение, Потврда или друг документ) за платени даноци и придонеси по основ на пензиско и инвалидско осигурување, и здравствено осигурување заклучно со јули 2011 година – издадено од Управата за јавни приходи;<br>**Напомена: Како докази за платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, и здравствено осигурување ќе се прифаќаат и потврдите издадени од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување**. |
| 10. | - Договор/Понуда за услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи, за инсталирање на опремата вклучително и софтвер, и/или<br>- Договор/Понуда за услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација;<br>**Напомена: Договор за услуги од трети лица се доставува доколку услугата е од физичко лице, или Понуда се доставува доколку услугата е од правно лице. Договор за услуги се доставува доколку барателот користи услуги од трети лица и за истите бара финансиска поддршка;** |
| 11. | Потврда дека барателот нема неподмирени обврски кон Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за последната финансиска година – издадена од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; |

# *3.1 - ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ*

## *ОПИС НА МЕРКАТА*

Целта на мерката 3.1 „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини" е воведување и развој на техничка и телекомуникациска инфраструктура за физички и правни лица кои вршат дејност во рурални подрачја и жители на рурални подрачја, обновување и развој на селата и зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја.

## *ПРИФАТЛИВИ ИНВЕСТИЦИИ*

Согласно програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година прифатливи се следниве инвестиции:

- **инвестиции во патна инфраструктура за поврзување на селата со културни знаменитости и локалитети од значење за селската популација до 1км;**
- **инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици до 1км;**
- **инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 15.000 жители;**
- **одбележување и унапредување на шумски и велосипедски патеки;**
- **уредување на излетнички места во рурални средини;**
- **одбележување на културни и природни знаменитости во рурални средини.**

**ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО:**

- Набавка на градежни материјали и елементи за конструкција,
- Набавка на урбана опрема и украсна опрема и елементи освен за набавка на растителен и посадочен материјал за хортикултурно уредување,
- Набавка на опрема за одбележување, знаци, мапи, патокази, граничници, мостови, премини
- Набавка на санитарна и водоснабдителна опрема, вклучително и опрема за системи за наводнување на зелени површини и опрема за обезбедување на вода за фонтани,
- Набавка на опрема за поврзување со електрична енергија, вклучително и опрема за осветлување,
- Набавка на агрегати или генератори и придружна опрема и инсталација,
- Трошоци за изработка на проекти, студии, елаборати, планска и техничка документзција,
- Услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни и електрификациски работи,
- Услуги од трети лица за инсталирање на опремата вклучително и софтвер,
- Услуги од трети лица за хортикултурно уредување на зелени површини,
- Услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација.

## КОРИСНИЦИ

Потенцијални корисници за Мерка 3.1 - Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството се единиците на локалната самоуправа.

## КРИТЕРИУМИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ И МАКСИМАЛНА ВРЕДНОСТ НА ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ

| **Инвестиции** | **Критериум на барател** | **Максимална вредност на прифатливи трошоци по корисник** |
|---|---|---|
| за изградба и/или реконструкција патна инфраструктура за поврзување на селата со културни знаменитости и локалитети од значење за селската популација изградба и/или реконструкција на селски улици | должина на пат до 1000 метри | до 10.000.000,00 денари |
| за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини | рурална средина до 15000 жители | до 3.000.000,00 денари |
| одбележување и унапредување на шумски и велосипедски патеки или уредување на излетнички места во рурални средини или одбележување на културни и природни знаменитости во рурални средини | / | |
| за комбинирани проекти кои вклучуваат и изградба и/или реконструкција на патна инфраструктура за поврзување на селата со културни знаменитости и локалитети од значење за селската популација, изградба и/или реконструкција на селски улици и изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини | / | до 17.000.000,00 денари |

## НАЧИН НА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

### ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Финансирањето од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година се врши врз основа на одобрено барање за користење средства од Програмата и склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција. Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка. Корисникот на Програмата во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции од страна на корисникот во висина од 70% од вкупната вредност на одобрените прифатливи трошоци, односно 80% од вкупната вредност на одобрените прифатливи трошоци за инвестиции во планински подрачја.

**Напомена**: **Единиците на локалната самоуправа после потпишување на договор за финансиска поддршка со АФПЗРР, обврзани се да спроведат тендерска постапка за планираната инвестиција во согласност со Законот за јавни набавки.**

Доделената финансиска поддршка е неповратна .

## *ОСТАНАТИ ПРИНЦИПИ*

- **Принцип на единечно финансирање** – Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови, од Буџетот на Република Македонија или други фондови од донаторски или финансиски институции, а се со цел да се избегне двојно финансирање на самата инвестиција.
- **Принцип на грант** – Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) од Буџетот на Република Македонија.
- **Принцип на видливост** – Корисникот е должен во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата од оваа програма, да има истакнато налепница или натпис на инвестицијата со која означува дека инвестицијата е ко-финасирана со средства од Програмата. АФПЗРР ги доделува налепниците и натписите на корисникот заедно со решението за исплата. Доколку настане оштетување на истите, корисникот е должен да ја извести АФПЗРР при што контролорите ќе извршат увид ќе доделат нова ознака.

## *ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ*

Барателите кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење финансиска поддршка се рангираат со бодување согласно подоле прикажаната табела. АФПЗРР ќе склучи договори во рамките на расположливите средства за секоја подмерка.

Бодување на барањата за финансиска поддршка за инвестиции во патна инфраструктура

| Цели на мерката | Показатели | Бодување | Макс. бодови |
|---|---|---|---|
| Приоритет на проектот | Подносител е општина со рурален центар | 50 | 50 |
| Поттикнување на инвестиции во планински подрачја | Инвестицијата е наменета за планински подрачја | 30 | 30 |
| Поддршка за депопулациони подрачја | Инвестицијата е наменета за депопулациони рурални подрачја | 10 | 10 |
| Вредност на предложената инвестиција | Да не надминува 5.000.000 денари | 10 | 10 |
| Вкупно бодови | | | 100 |

## *ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА МЕРКА 3.1*

| | |
|---|---|
| 1. | Барање за користење на средста од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година ПРР - 3.1; |
| 2. | Копија од важечка лична карта/пасош на градоначалникот; |
| 3. | Тековна состојба не постара од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот оглас издадена од Централен регистар на Република Македонија; |
| 4. | Договор за услуги за изработка на проекти, студии, елаборати, планска и техничка документација, и извод од банкарска сметка со која се докажува плаќањето на услугата – од овластен архитект или инженер. Проектот не смее да биде постар од 01.01.2009 година за трошокот да се смета за прифатлив; Договор за услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи и електрификациски работи, за инсталирање на опрема вклучително и софтвер, за хортикултурно уредување на зелени површини, за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација; **(Напомена: Договор за услуги се доставува доколку барателот користи услуги од трети лица и за истите бара финансиска поддршка)** |
| 5. | Ревидирана проектна документација за градба на патна инфраструктура од официјален архитект/инженер со овластување Б за ревизија на проектна документација од градежништво од Комора на овластени архитекти и инженери; |
| 6. | Детален предмер/пресметка **со изразени цени** за бараната инвестиција со рекапитулар за да се утврди проценетата вредност на инвестиција; |
| 7. | Геодетски елаборат за планираната инвестиција (со скица и катастарски парцели низ кои поминува патот); |
| 8. | Согласност од собранието на единицата на локалната самоуправа за намената на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација; |
| 9. | Одлука за приоритет на проектот од градоначалникот; |
| 10. | Одлука за приоритет на проектот од Советот на Општината. |

# *ПОСТАПКА ПРЕД АФПЗРР*

1. Поднесување на барање

По објавување на јавниот повик, од страна на АФПЗРР, за поднесување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година, потенцијалниот корисник на средствата треба да поднесе „барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година " по соодветната мерка. Барањето треба да биде коректно и читливо пополнето на македонски јазик и кирилично писмо. Заедно со барањето треба да бидат доставени и сите пропратни документи соодветно на типот на инвестиција. Барањата, комплетирани со целокупната документација, затворени во плик на кој на горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВАРАЈ за јавен повик ПРР бр. 01/2011/ мерка______, да бидат доставени по препорачана пошта на следната адреса:

**АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој ул. „3-та Македонска бригада" бб зграда на Македонија Табак блок Ц 1000 Скопје, Република Македонија** или лично на рака во писарницата на АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), на истата адреса.

Потребните обрасци од „Барањето за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година " како и „Упатство за корисници на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година " во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на барање за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година, во електронска верзија може да се превземат на веб-адресата на АФПЗРР: www.ipardpa.gov.mk.

2. **Обработка на барање и избор на корисници**

По направената контрола за комплетност на барањето, веродостојност на податоците дадени во барањето и неговата прифатливост согласно со критериумите следува рангирање на поднесените барања со бодување. По извршената контрола на фактичката состојба на терен од страна на АФПЗРР, потенцијалниот корисник ќе биде писмено известен за прифаќање или одбивање на неговото барање во рок не подолг од 3 месеци од завршување на јавниот повик.

Доколку барањето биде оценето позитивно и прифатено, АФПЗРР до потенцијалниот корисник испраќа "Решение за одобрување на барање".

Против решенијата на АФПЗРР не е дозволена жалба и истите се конечни во управна постапка.

Против решенијата на АФПЗРР може да се поведе управен спор. Поведувањето на управниот спор не го одлага извршувањето на решението (член 20 од Законот за основање на АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр.72/07, 05/09).

3. **Склучување на договор**

   Со решението за одобрување на барање (проектот), АФПЗРР го известува потенцијалниот корисник дека во определен рок треба да дојде во просториите на АФПЗРР да потпише „Договор за финансиска поддршка" (пример договор е даден во прилог на ова упатство). По потпишување на договорот потенцијалниот корисник може да отпочне со реализација на проектот. Договорот се потпишува во 4 (четири) идентични примероци од страна на корисникот и директорот на АФПЗРР, од кои по два примерока добива секоја од договорните страни.

4. **Обработка на барање за исплата и постапка за одобрување на исплата**

   Откако ќе биде завршена инвестицијата корисникот треба да достави барање за исплата и останата документација со која ќе се потврди дека инвестицијата е завршена. Документите кои ќе бидат доставени од страна на корисникот треба да бидат заверени со потпис и печат од органот/фирамата која ги издава.

   Барање за исплата е унифициран образец кој корисниците ќе го добијат при потпишување на договорот за финансиска поддршка.

   Барањата за исплата се доставуваат до АФПЗРР согласно временскиот рок определен во Договорот. Корисникот е обврзан своерачно или електронски да го пополни соодветното барањето за исплата и ги достави потребните документи до АФПЗРР, притоа наведувајќи за која мерка и тип на инвестиција го поднесува истото.

   Проверката на финансиската документација се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи после завршување на постапката за одобрување на исплата АФПЗРР ги враќа истите заедно со донесеното решение до крајниот корисник. Истите ќе бидат означени со печат на АФПЗРР како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

   Доколку документите кои се пропратни кон барањето за исплата се достават после рокот, барањето ќе биде одбиено и договорениот износ на финансиска поддршка нема да биде исплатен.

   Доколку корисникот направил промени во инвестицијата кои не се предмет на договорот, а притоа не е поднесено барање за анекс на договор, истото барање нема да биде исплатено, или ќе биде делумно исплатено во зависност од ефектот кој настаната промена ќе го има врз целокупната инвестиција која е предмет на договорот.

   Доколку корисникот не се придржува кон одредбите од договорот кои се однесуваат на рокот на реализација на инвестицијата, треба да се има во предвид дека сите активности настанати пред потпишување на договорот (освен трошоците направени за интелектуални услуги) нема да се дел од финансиската поддршка. Сите активности набавени пред рок т.е. пред потпишување на договорот нема да бидат предмет на инвестиција. Исто така сите набавени и исплатени активности после рокот на реализација на инвестицијата или во рокот на доставување на барањето за исплата нема да бидат предмет на финансиска поддршка.

   По административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица на АФПЗРР кои имаат за цел да ја проверат реализацијата на инвестициајта во целост и во согласност со договорот. По извршената контрола на лице место,

ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

По извршената контрола, доколку се констатира дека реализацијата на инвестициајта е во целост и во согласност со договорот, се продолжува со постапката за одобрување на исплата. Доколку се констатира неусогласеност на процесот на реализација на инвестицијата во целост и во согласност со договорот се продолжува постапката за одбивање на барањето за исплата.

Откако ќе биде одобрена исплатата, АФПЗРР донесува решение за одобрување на исплата. Доколку биде одбиено брањето за исплата, АФПЗРР донесува решение за одбивање.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена, притоа може да приложи тужба до Управен суд согласно законските предвидени постапки.

Сите одобрени и исплатени инвестиции ќе бидат предмет на контрола во период од 5 години после извршената исплата со цел да констатира оддржливоста и непроменетоста на инвестицијата согласно договорот.

# *ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ*

1. Барателот поднесува уредно и комплетно пополнето барање за користење на средства.
2. Еден барател поднесува посебно барање за секоја мерка. Еден барател може да поднесе најмногу 2 барања по различни мерки од оваа програма. Во рамките на мерката барателот може да поднесе 1 барање кое се однесува само на еден тип на инвестиција (земјоделски под-сектор).
3. Барателот ја доставува документацијата во затворен плик преку препорачана пошта на адреса: АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул.Трета Македонска Бригада бб (зграда Македонија Табак блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на АФПЗРР секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" и мерката/потточка за која аплицира.
4. Барателот ја доставува дополнителната документација во затворен плик преку препорачана пошта на адреса: АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ул.Трета Македонска Бригада бб (зграда Македонија Табак блок Ц) 1000 Скопје, или со предавање во архивата на АФПЗРР секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот. На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува "НЕ ОТВАРАЈ" дополна за архивски број кој ќе биде наведен во известувањето за дополнување на барањето.
5. Доколку понудите или про-фактурите кои се доставени во прилог на проектот се од странство, потребно е истите да бидат преведени на македноски јазик од овластен судски преведувач.
6. Доколку барателот не ја одбере најниската понуда/про-фактура, тој е должен во прилог на Барањето да достави образложение за одбраната понуда по однос на цена и технички спецификации во однос на понудата/про-фактурата.
7. Исплатата на средства од оваа Програма по корисници ја врши АФПЗРР врз основа на претходно одобрени барања со склучен договор за финансиска поддршка за рурален развој и одобрени барања за исплата.
8. Доколку вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во барањето, се разликува од вкупната вредност на инвестицијата без ДДВ наведена во понудата/про-фактурата, АФПЗРР како важечка сума за ко-финансирање ќе ја земе пониската вредност.
9. Доколку корисникот на средствата од програмата сака да направи измена на договорот (прилог 1 на ова упатство), истиот е должен да достави барање за измена на договорот.
10. Доколку барателот или корисникот на средства од програмата ја промени адресата за коресподенција, истиот е должен да ја извести АФПЗРР.
11. Доколку барателот се откажува од инвестицијата односно финансиската поддршка од АФПЗРР пред донесување на одлука за ко-финансирање, истиот е должен писмено да ја извести АФПЗРР.
12. Одобрените и исплатени средства се неповратни при што корисникот не смее да ја отуѓи инвестицијата ко-финансирана од средствата на оваа Програма во рок од 5 години од денот на исплатата на средствата.

13. Опремата која ќе биде предмет на договорот треба да биде нова опрема (нова опрема е опрема која е произведена не порано од 2009 година, 2 години од датум наведен во фактурата, кој мора да биде втиснат на опремата).
14. Почеток на реализација на инвестициите е по потпишување на договорот.
15. Сумата наведена во барањето мора да соодветствува со сумата во поднесените понуди/профактури.
16. Пред поднесувањето на барањето барателот е должен да ги има подмирено сите финансиски обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.
17. АФПЗРР го задржува правото да побара дополнителна документација.
18. За инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства согласно член 70 став 11 од Законот за земјоделство и рурален развој (Сл.весник на РМ бр.49 од 12.04.2010 година), највисокиот износ на поддршка по поединечен корисник е најмногу 30.000.000,00 денари за период од 3 години од годината на исплата на средствата за поддршка за инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства.
19. Максималниот рок за реализација на инвестициите ќе биде 6 месеци по склучување на договорот со АФПЗРР.
20. АФПЗРР за секоја мерка поединечно изработува Договор за финансиска поддршка и Барање за исплата, односно Прилог 1- модел на договор и Прилог 2 – барање за исплата кои се приложени во Упатството за корисници се дадени само како Пример.

Образецот-Барање за користење на средства заедно со листата на потребни документи кои се доставува во прилог на барањето, може да се подигне на веб страната на АФПЗРР: www.ipardpa.gov.mk, во Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,Регионалните центри на АФПЗРР за поттикнување на развојот на земјоделството и архивата на АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. За подетално информирање на потенцијалните баратели на финансиска поддршка изготвено е Упатство за корисници за сите мерки кој исто така може да се подигнат на гореспоменатите места.

**НАПОМЕНА: Во случај на техничка грешка во текстот на ова Упатство важат одредбите од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година, Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој и Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој.**

Контакт:

АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти.

Телефон 02 3097 460, секој работен ден од 10.00 до 16.00 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

# *ПРИЛОЗИ*

## *ПРИЛОГ 1 – МОДЕЛ НА ДОГОВОР*

Врз основа на член 12 став 1 точка 13, а во врска со член 6 став 1 точка 4 од Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.72/2007 и 05/2009), Јавниот оглас бр.________ објавен на _________ за поднесување на барања за финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2011 Решение бр._______ издадено од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:**

1. Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, како давател на финансиска поддршка (во понатамошниот текст: АФПЗРР) претставувана од Директорот ________________________,
со седиште на "Бул. III Македонска Бригада, бб (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје, и со адреса за коресподенција ____________________________________

од една страна, и

2. ________________________ со Даночен број /*Единствен матичен број доколку се работи за физичко лице*, како страна на која и е одобрена финансиска поддршка (во понатамошниот текст: Корисник), претставуван од управителот _________________ со единствен матичен број ____________________,
седиште и адреса:
________________________________
број на трансакциска сметка ____________, Банка ____________,
место на инвестицијата предмет на овој договор: ______________________________________

од друга страна,

го склучија следниот:

**ДОГОВОР ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

**<u>Бр. (__________)</u>**

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**Предмет на Договорот**

(1) Со овој договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни во врска со исплатата и користењето на финансиската поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2011, одобрена со Решение бр. ______ од _______.
(2) Финансиската поддршка ќе се користи согласно со:
Мерката ___________________________________
Група инвестиции ___________________________________
(3) Целокупната инвестиција детално по опрема, количина, активности, цена и ко-финансирана сума е наведена во Прилог 2 кој е составен дел на овој договор.

**Член 2**

**Договорен износ**

(1) Вкупна одобрена вредност на инвестицијата е до_______________ МКД (со зборови_________).

(2) Финансиската поддршка согласно Решението бр. _____ изнесува до ________________ МКД (со зборови _________________) т.е. _____% од вкупно одобрена вредност на инвестицијата.
(3) АФПЗРР ќе исплати _____% од реално направените, оправданите и прифатливите трошоци, но не повеќе од износот од став 2 на овој член и не повеќе од износот за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2 на овој договор, дури и во случај реално направените трошоци да го надминуваат одобрениот износ.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Права на корисникот**

**Член 3**

(1) Корисникот има право на финансиска поддршка до износот наведен во член 2 став 2 од овој договор, односно до износот за поединечни стоки и услуги наведен во Прилог 2, согласно начинот, условите и роковите утврдени во овој договор.
(2) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот најдоцна 15 дена пред истекот на рокот за реализација на инвестицијата предмет на овој договор, утврден во член 4 став 2 на овој договор.
(3) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот поради:

а) продолжување на рокот за завршување на инвестицијата предмет на овој договор (член 4, став 2);
б) продолжување на рокот за поднесување на барање за исплата на финансиска поддршка (член 4 став 3);
в) промена во типот/моделот на наведените стоки или услуги кои се дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);
г) промена на дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);

(4) Корисникот има право да бара измени и дополнувања на Договорот по однос на став 3 точка в) и г) од овој член само во случај на:

- престанок на производство на одредени стоки кои се дел од инвестицијата предмет на овој договор;
- промени како резултат на потребата за усогласување на инвестицијата предмет на овој договор со законодавството; и
- воведување на нови технологии кои можат да ја подобрат ефикасноста на инвестицијата.

(5) Корисникот или негов овластен претставник има право да ги наведе своите забелешки во извештајот за извршена контрола на лице место и истиот да го потпише.

**Обврски на корисникот**

**Член 4**

(1) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата со сопствени парични средства во износ наведен во Прилог 2 на овој договор.
(2) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата од член 1 и согласно Прилог 2 на овој договор најдоцна до __________ дд/мм/гг.
(3) Корисникот се обврзува да поднесе барање за исплата и потребна документација најдоцна до дд/мм/гг.
(4) Корисникот се обврзува да го поднесе барањето за исплата по препорачана пошта или лично во АФПЗРР. Образецот на барањето за исплата, како и листата на документи кои барателот е должен да ги достави во прилог на барањето за исплата се дадени во Прилог 3 и се составен дел на овој договор.
(5) Корисникот се обврзува сите плаќања кон трети лица кои произлегуваат од спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор да ги изврши согласно рокот утврден во став (2) на овој член.
(6) Корисникот се обврзува во прилог на писменото барање за измени и дополнувања на Договорот да достави соодветни документи како доказ за исполнување на одредбите од член 3 став (2) и (3).
(7) Корисникот се обврзува на барање на АФПЗРР да доставува информации/податоци.

(8) Корисникот се обврзува веднаш да ја извести АФПЗРР доколку настанат околности кои имаат влијание врз спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор.
(9) Корисникот се обврзува да обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење.
(10) Корисникот или овластен претставник се обврзува да се легитимира на барање на овластените лица од АФПЗРР за време на контролата на лице место.
(11) Корисникот се обврзува да не ја отуѓува, дава под закуп или заем инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.
(12) Корисникот се обврзува да не ја менува намената и целта на инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.
(13) Корисникот се обврзува да не го менува местото на инвестицијата, предмет на овој договор.
(14) Корисникот се обврзува да ги чува оригиналните документи кои се однесуваат на предметот на овој договор за целото негово времетраење.
(15) Корисникот се обврзува дека нема да користи неповратна финансиска помош од други фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор.
(16) Корисникот се обврзува во случај на исплата на повеќе средства од одобрените со решението за исплата донесено од АФПЗРР, веднаш да го врати износот кој преставува разлика меѓу исплатениот и одобрениот износ, а во спротивно АФПЗРР ќе пресметува казнена камата.
(17) Корисникот се обврзува да ја извести АФПЗРР за настанатите промени во личните податоци (име презиме, назив на фирма, адреса, број на трансакциона сметка, банка).
(18) Корисникот се обврзува во рок од пет дена од денот на извршувањето на исплатата на видливо место да истакне налепница и/или комеморативна плакета, доделена од страна на АФПЗРР на која е наведено дека инвестицијата е финансирана со средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година и истата да не ја отстрани за целото времетраење на овој договор.

**Права на АФПЗРР**

**Член 5**

(1) АФПЗРР има право да врши контрола на лице место за целото времетраење на овој договор.
(2) АФПЗРР има право да бара дополнување или појаснување на барањето за исплата, како и на потребните документи во прилог на барањето во однапред утврден рок.
(3) АФПЗРР има право да бара информации, податоци и материјали потребни за следење, евалуација и контрола на лице место на инвестицијата, како и да бара слободен пристап до објектите, просториите, опремата и имотот поврзани со инвестицијата предмет на овој договор.
(4) АФПЗРР има право да го отфрли барањето за исплата ако Корисникот не го поднесе согласно рокот утврден во член 4, став 3 на овој договор односно не го дополни или појасни барањето или потребните документи во однапред утврдениот рок.
(5) АФПЗРР има право да го одбие барањето за исплата, во целост или делумно, доколку Корисникот не ја заврши инвестицијата која е предмет на овој договор согласно член 4, став (2) и (5) од овој договор, односно не ја спроведе инвестицијата согласно условите утврдени со овој договор.
(6) АФПЗРР има право на својата интернет страна да ги објави следниве податоци за Корисникот:
- име и презиме *(кога Корисник е физичко лице)* или целосен назив според регистрација *(кога Корисник е правно лице)*,
- општина во која престојува или е регистриран корисникот, поштенски број и
- износот на финансиската поддршка во денари од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година.

(7) АФПЗРР има право да го одбие барањето за измени и дополнување на Договорот доколку:
- доведува до неизводливоста на инвестицијата;

- со тоа би се надминал максималниот период за реализација на инвестицијата;
- е во спротивност со националната важечка регулатива.

(8) АФПЗРР има право да бара поврат на исплатената финансиската поддршка доколку Корисникот:

а) доставил лажни податоци врз основа на кои се стекнал со финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година,

б) користел/користи неповратна финансиска помош од други фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор,

в) ја отуѓува, дава под закуп, заем или ја менува намената и целта на инвестицијата, предмет на овој договор,

г) извршил промена на местото на инвестицијата предмет на овој договор,

д) примил повеќе средства од оние одобрени со решението за исплата, поради административна грешка на АФПЗРР,

ѓ) не обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење,

е) во други случаи утврдени согласно Законот за основање на АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(9) АФПЗРР има право, во случај на поврат на средства од став (8) точки а), б), в), г), ѓ) и е) на овој член, да пресмета казнена камата од денот на исплата на финансиската поддршка до денот на повратот на средствата. Во случајот од став (8) точка д) на овој член, казнената каматата ќе се пресметува по истекот на рокот за поврат на средства утврден во Решението за поврат на средства донесена од АФПЗРР.

(11) АФПЗРР има право да поведе извршна постапка во случај Корисникот да не изврши поврат на средства во рок од 15 дена од приемот на Решението за поврат на средства.

**Обврски на АФПЗРР**

**Член 6**

(1) АФПЗРР се обврзува да изврши исплата на финансиската поддршка доколку се исполнети условите од овој договор.

(2) АФПЗРР се обврзува да спроведе контрола на лице место преку овластени контролори кои се должни да се легитимираат пред Корисникот или овластен претставник.

(3) АФПЗРР се обврзува со личните податоци на Корисникот да постапува согласно прописите од областа на заштита на лични податоци.

## III. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

(1) Овој договор може да се раскине:

- со взаемна согласност на договорните страни,
- еднострано од страна на АФПЗРР доколку Корисникот не се придржува кон одредбите на овој договор, или
- еднострано од страна на Корисникот, само пред исплата на финансиската поддршка.

(2) Во случај на раскинување на Договорот согласно став 1 алинеја 2 на овој ч лен, АФПЗРР веднаш ќе го извести Корисникот.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

(1) Корисникот изјавува под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека сите податоци содржани во извештаите и документите доставени до АФПЗРР се точни и автентични.
(2) Корисникот изјавува дека не започнал со реализација на инвестицијата која е предмет на овој договор пред истиот да стапи на сила.
(3) Заради обезбедување на информации за документите кои треба да се достават во прилог на барањето за измени и дополнувања на Договорот, како и поради доставување на истите до АФПЗРР Корисникот е согласен да се обрати до АФПЗРР на следнава адреса: ______________
Контакт телефон:________________
Интернет адреса:________________ .

**Стапување во сила и времетраење на Договорот**

**Член 9**

(1) Со потпишување на овој договор, договорните страни ја изразуваат својата слободна волја, потврдуваат дека го прочитале и го разбрале Договорот и дека се согласуваат со правата и обврските кои произлегуваат од него како и со неговите правни последици.
(2) Овој договор ќе стапи на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни и ќе биде во сила пет години по последната исплата од страна на АФПЗРР.

**Прилози**

**Член 10**

Следните Прилози претставуваат составен дел на овој договор:
1. Прилог 1 – Дефиниции
2. Прилог 2– Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги
3. Прилог 3 – Образец на барање за исплата

**Спорови**

**Член 11**

Споровите кои произлегуваат од овој договор, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, надлежен ќе биде Управниот суд на Република Македонија.

**Примероци**

**Член 12**

Овој договор е склучен во четири идентични примероци, по два за секоја договорна страна.

Дата, 00.00.2011 Дата, 00.00.2011

Архивски бр. _______/____

Директор на АФПЗРР: Корисник:

________________ ______________

## Б ДЕЛ 2 - ПРИЛОЗИ

### ПРИЛОГ 1 – ДЕФИНИЦИИ

Во контекст на овој договор, изразите кои се користат во овој договор го имаат следното значење:

- "Вкупна одобрена вредност на инвестицијата" се трошоците кои АФПЗРР ги одобрува како прифатливи за ко-финансирање согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година;
- "Финансисика поддршка" се средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година кои АФПЗРР ги ко-финансира во согласност со овој договор;
- "Општи трошоци" се надоместоците за архитекти и инженери, други трошоци за консултантски услуги, физибилити студии, стекнување со патент, права и дозволи;
- "Почеток на спроведување на инвестицијата" значи превземање на било какви обврски на сметка на одобрениот износ, потпишување на договори со трети лица за вршење на дејности предмет на овој Договор, нарачка на материјали, опрема и други слични активности, освен активности кои спаѓаат во општи трошоци;
- "Прогласена природна непогода" се инциденти предизвикани од природни сили кои е невзможно да се контролираат, а кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и предизвикуваат штети на земјиштето, културното наследство и животната средина (земјотреси, поплави, ерозии, лавини, лизгања на земјиште, бури, оштетувања на брани и бедеми, суши, атмосферски катастрофи).
- „Виша сила" е исклучителен настан или околности, надвор од контролата на договорните страни која ги спречува едната или двете договорни страни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.

## *ПРИЛОГ 2 – ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ДОСТАВУВААТ СО БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА*

**БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА**

| **МЕРКА 1.1** | **Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства** |
|---|---|

Архивски број: ___________________________

До АФПЗРР

Да биде пополнето и потпишано од корисникот – физичко лице/индивидуален земјоделец

☐ Да

| |
|---|
| Име: Презиме:<br>____________________ ____________________<br>ЕМБГ: ____________________ |
| Место на живеење:<br>Град/Село: Поштенски код: Општина:<br>____________ ____________ ____________ |
| Адреса: Телефон:<br>____________________ ____________________<br>Мобилен: Факс:<br>____________________ ____________________ |
| Име на банка: Банкарска сметка:<br>____________________ ____________________ |
| Локација на инвестицијата:<br>Град/Село: Улица: Општина:<br>____________ ____________ ____________ |

## БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА

| **МЕРКА 1.1** | **Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства** |
|---|---|

Архивски број: ________________________

До АФПЗРР

Да биде пополнето и потпишано од корисникот – правно лице ☐ Да

| |
|---|
| Име/назив на фирмата (според Централен регистар на РМ)<br><br>______________________________________________<br><br>ЕМБС: ______________ ЕДБ: ________________________ |
| Седиште на фирмата: Поштенски фах Општина<br><br>_______________________ ______________ ____________<br><br>Адреса:<br><br>______________________________________________<br><br>Моб:_______________________ Телефон: ____________________ |
| Име и позиција на лицето за контакт:<br><br>Име: Презиме: Позиција:<br><br>_______________ _______________ _______________<br><br>ЕМБГ: _____________________ Моб:_____________________ |
| Име на банката: Банкарска сметка:<br><br>_______________________ _____________________ |
| Адреса на земјоделското стопанство/претпријатие:<br><br>Град/Село: Улица: Општина:<br><br>_____________ _____________________ ______________ |

Јас,________________________________________________, Ви го доставувам барањето за исплата врз
(Име и презиме на корисникот/ одговорното лице во фирмата)

основа на апликацијата со архивски број ________________, договорот со број_______________ склучен

помеѓу АФПЗРР и __________________________________________. Барањето за исплата се однесува на
(Име и презиме на корисникот/ Назив на фирмата)

мерката 1.1, под-сектор _____________________________________________________за која се набавени

следните средства кои се предмет на договорот:

1.______________________________________________________________________

2.______________________________________________________________________

3.______________________________________________________________________

4.______________________________________________________________________

5.______________________________________________________________________

6.______________________________________________________________________

7.______________________________________________________________________

8.______________________________________________________________________

9.______________________________________________________________________

10._____________________________________________________________________

Во контекст на Барањето за исплата Ви ги доставувам следните специфични документи:

А. Специфични документи:

**НАПОМЕНА: Корисникот е должен своерачно да го заокружи типот на инвестиција за кој има склучено договор. Ознаката Н/П значи не е потребно, ознаката ДА значи потврда на типот на инвестицијата.**

| Под - сектор | | |
|---|---|---|
| Лозарство | Н/П | Да |
| Овоштарство | Н/П | Да |
| Градинарство(пластеници, сакленици, градинарство на отворено со исклучок на тунелски фолии) | Н/П | Да |
| Житни култури | Н/П | Да |
| Индустриски култури | Н/П | Да |
| Живинарство | Н/П | Да |
| Пчеласртво | Н/П | Да |

**НАПОМЕНА: Корисникот е должен своерачно да ги заокружи документите кои се задолжителни за доставување.**

**Оргиналните документи како што се фактури, испратници, обрасци ПП30 и други ќе бидат заверени од страна на АФПЗРР и истите ќе бидат вратени на корисникот.**

**Ознаката Н/П значи не е потребно, ознаката ДА значи потврда за доставување на документ.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | **Фактури кои ги докажуваат реализираните трошоци со потпис и печат (оргинал)**<br><br>**- при увоз, странската фактура да биде пропратена со превод од овластен судски преведувач** | | Да |
| 2 | **Детални испратници за испорачаната опрема со потпис и печат (оргинал)** | | Да |
| 3 | **Извод од банка што го докажува плаќањето**<br><br>**- при увоз, SWIFT е релевантен документ за плаќања во странство** | | Да |
| 4 | **Налог за плаќање ПП30 со кој се извршува плаќањето (оргинал)**<br><br>**- при увоз, релевантен документ е акредитив - налог 1450 за плаќања во странство** | | Да |
| 5 | **Царинска декларација - во случај на увоз на стока (копија)** | Н/П | Да |
| 6 | **Товарен лист - во случај на увоз на стока (копија)** | Н/П | Да |
| 7 | **Градежна книга со активности по датуми - во случај на градежни активности (примерок заверен со потпис од овластениот надзорен инженер)** | Н/П | Да |
| 8 | **Извештај за извршен технички преглед од страна на надзорен инженер со кој објектот се става во употреба (во случај на градежни активности согласно Закон за градење)** | Н/П | Да |
| 9 | **Сообраќајна дозвола како доказ за сопственост врз возилото на име на корисникот (при набавка на трактори)** | Н/П | Да |

**Б. Список на фактури**

**НАПОМЕНА: Корисникот е должен своерачно да ги наведе сите фактури кои како прилог ги доставува до АФПЗРР за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. АФПЗРР го задржува правото да побара појаснување на информациите кои произлегуваат од доставените фактури.**

| Ред. Бр. | Број на фактура | Датум на фактура | Тип на средство набавено со фактурата |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Вкупно прифатлива вредност на ивестицијата согласно договорот е

_____________________________ денари без ДДВ.

Финансиската поддршка од АФПЗРР согласно договорот е ☐50% ☐55% ☐60% ☐65% од вкупно одобрена вредност на инвестицијата и изнесува

______________________________ денари без ДДВ

Име и презиме на корисникот потпис

Датум: _________________ Печат

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2011 ГОДИНА

Ова Упатство е **БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК** наменет за потенцијалните корисниците на средствата од **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година** во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на „Барањето за користење на средства”.

Примероците од ова Упатство заинтересираните можат да ги подигнат директно во:


**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**бул. Трета Македонска Бригада**
**1000 Скопје**
**Тел. 02/3097-460**

**Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството**
**(најблиските регионални центри или работни единици)**
**Тел. 047/228-330**


електронската верзија на пакетот за аплицирање на веб-адресата на Агенцијата:
www.ipardpa.gov.mk